## ДРАГАН ВЕЛКОВ
### (1948—1985)



Во мугрите на 2 јули 1985 година ненадејно згасна животот на м-р Драган ВЕЛКОВ—ГАНЕ, предавач на Филозофскиот факултет во Скопје. Реалност неочекувана, шокантна, потресна за сите негови познати, пријатели и колеги.

Драган Велков е чедо на оваа наша Титова епоха. Неговата кратка животна сторија започна во с. Рудари, Пробиштипско, на 27 октомври 1948 година. Основно и средно образование завршува во Пробиштип. Во реалката, и поради континуиран одличен успех, е проггласен за најдобар ученик на својата генерација. Своите студии на Филозофскиот факултет во Скопје ги започна во учебната 1968/69 година. Дипломира со одличен успех на групата за историски науки во учебната 1972/73 година. Веднаш потоа се вработува како стажант на Филозофскиот факултет во Скопје. Едновремено, во учебната 1973/74 година се запишува на постдипломски студии на групата за историски науки. Во 1975 година е избран за помладѕасистент, а во 1978 година за асистент по предметот — Историја на народите и народностите на Југославија — Нов век. Во 1980 година одлично го одбранува својот магистерски труд под наслов „Политиката на Кралството Србија спрема Македонија" (1903—1908 г.). Во 1984 година е унапреден во звањето предавач по предметот Историја на народите и народностите на Југославија — Нов век.

Во фокусот на неговиот творечки опус се наоѓа неговиот магистерски труд под наслов „Политиката на Кралството Србија спрема Македонија" (1903—1908 г.). Ова обемно магистерско дело, базирано на богати

извории материјали и бројна литература, претставува евидентен придонес за современата македонска историографија.

Неговиот поангажиран продор во научната сфера го најавија двата негови последни научни прилози публикувани во последните броеви на Годишниот зборник на Филозофскиот факултет во Скопје на тема: „Активноста на српската четничка пропаганда во Македонија од почетокот на XX век до 1905 година" (1981 г.) и „Финансирањето и вооружувањето на оперативните сили на српската четничка организација во Македонија во периодот од 1904 до 1908 година" (1984 г.).

Во 1982 година Драган Велков пријави тема за докторска дисертација под наслов „Скопскиот револуционерен округ на ТМОРО" (1893—1905 г.). За ментор на докторантот беше определен проф. д-р Александар Апостолов.

Наставно-научната студиска група за историја на својата последна (изборна) седница одржана на 5 јуни годинава, го ослободи Драган Велков од должноста секретар на групата за наредниот мандатен период, со основна цел да му овозможи покомплексен пристап во научно-истражувачката работа — насочен кон доврпгување на докторската теза.

Како стажант, асистент и најпосле, како наставник, Гане пројави евидентни педагошки квалитети. Беше мошне омилен кај студентите и колегите поради својата пристапност, комуникативност и несебичност.

На општествено-политички и самоуправен план Драган Велков пројави несомнена активност. Беше член на Советот на Филозофскиот факултет, секретар на Извршниот одбор на Синдикатот при Филозофскиот факултет и член на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ. Посебно се истакна како секретар на Редакцијата на сп. „Историја" во два мандати (1975—1979 г.). Во последно време беше член на Комисијата за реформа и статут на Филозофскиот факултет, член на Советот на Архивот на град Скопје, како и секретар на ННСГ за историја. Како секретар на групата појави вонредна совесност и педантност, поради што ННСГ за историја му одаде посебно признание. За својата плодна дејност во Сојузот на друштвта на историчарите на СРМ добитник е на Благодарница на Сојузот.

Како човек Гане беше тивок, ведер, насмеан, животнорадосен, со вроден, нему својствен, искричав хумор. Беше отворен, дружељубив, пријатен. Оттаму беше необично сакан и ценет во својата средина.

Почина Драган Велков на Пушкиновска возраст, токму пред процутот на своите наставно-нучни квалитети. Физичкото исчезнување од нашата средина ја покоси неговата младост, ја урна неговата перспектива, ја згасна неговата надареност, грубо го пресече неговиот трасиран од кон наставно-научните светлини.

Неговото предвремено заминување претставува неизмерна загуба за неговите блиски, за ННСГ за историја, за Филозофскиот факултет во Скопје.

Неговиот светол лик засекогаш ќе остане во нас.

Димитар ДИМЕСКИ